# ПРВ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ЗАБРЗАН ШАХ - „МИШКО МИШКОСКИ“

## РАСПИС

1. **Термин на играње** — **31 Октомври 2026**
2. **Место на играње** — **Хотел Континентал - Скопје**
3. **Организатор** — **Шаховски Клуб „Карпош“ – Скопје и семејството Мишкоски**
4. **Систем на играње** — **Швајцарски систем од 11 кола**, важат ФИДЕ правилата за забрзан шах (член А.5)
5. **Темпо на играње** — **10 минути со 5 секунди додавање почнувајќи од потег број 1**
6. **Рејтингување** — **Турнирот е пријавен во FIDE и ќе се рејтингува**
7. **Право на настап имаат** — **Сите играчи кои поседуваат FIDE ID код.** Максималниот број на учесници е лимитиран од капацитетот на салата за игра. Организаторот го задржува правото да одбие одредени пријави.
8. **Уписнина** — **600 денари.** Ослободени од уписнина се шахисти-носители на меѓународни ОТВ (Over The Board) титули велемајстор и интермајстор (WM, IM, WGM, IGM) и поканетите учесници.
9. **Пријава за учество** — По меил кон glavinacgoran@yahoo.com и ismvahid@yahoo.com или пишете ни на **Viber** на 075/426-723 (Горан) и 077/650-954 (Вахид) најдоцна до 30.10.2026. Покрај име и презиме, пожелно е да се наведе ID кодот на шахистот. Нема да се примаат пријави на лице место!
10. **Рок за пријавување** — Секој од пријавените играчи на турнирот е должен да го потврди своето учество со присуство во **салата за игра на 31.10.2026 во периодот 09:00-09:30 часот.**
11. **Распоред на колата** — **Предвидената саатница на колата е следната:**

| | |
|---|---|
| 10:00 – 14:30 | I - VI коло |
| 14:30 – 15:30 | Пауза |
| 15:30 – до крај | VII –XI коло |

Организаторот го задржува правото на евентуална промена во распоредот на колата, вклучително и на саатницата на паузата помеѓу колата!

12. **Награден фонд** — **Вкупниот награден фонд на турнирот изнесува 100.000 денари, од кои:**

**I) Редовни награди: (86.000 денари)**

---

| | |
|---|---|
| 1) 20.000 денари + Пехар | 6) 6.000 денари |
| 2) 16.000 денари | 7) 5.000 денари |
| 3) 12.000 денари | 8) 4.000 денари |
| 4) 10.000 денари | 9) 3.000 денари |
| 5) 8.000 денари | 10) 2.000 денари. |

**II) Специјални награди за најдобро пласирани - ненаградени: (14.000 денари)**

---

| | |
|---|---|
| a) Жена (шахистка)...................................................... | 2.000 денари |
| b) Ветеран S65 (родени 1961 и постари).................. | 2.000 денари |
| c) Јуниор U18 (родени 2008 и помлади).................. | 2.000 денари |
| d) Член на ШК „Карпош“.......................................... | 2.000 денари |
| e) Играч со рејтинг за забрзан шах< 2.100……………… | 2.000 денари |
| f) Играч со рејтинг за забрзан шах < 1.900…………….. | 2.000 денари |
| g) Играч со рејтинг за забрзан шах < 1.700…………….. | 2.000 денари |

Наградите не се делат. Секој играч може да освои само една награда – поголемата и тоа по приоритет на наведениот редослед.

13. **При делба на место одлучува** — 1.Среден Бухолц-1 (без најслабиот противник);
2.Бухолц;
3.Поголем број победи;
4.Прогрес.

**Во Скопје, Август 2026** — **Шаховски Клуб „КАРПОШ“ - Скопје**